# ПАН - ЕВРОПСКИ ПИКНИК
# ЗА БИОЛОШКА РАЗНОВИДНОСТ

Покрај сезонските плодови добиени од екстензивните и органските фарми, што уште е потребно за пикникот да биде успешен настан во нашата земја?

- Спремноста на институциите или организациите да преземат обврски и да ги мобилизираат заинетрисираните страни да посветат дел од своите капацитети во организациски цели.
- Високи претставници од различни засегнати страни, кои ќе бидат привлечени од содржините на пикникот.
- Привлечно место за дружење во природа.
- И по можност добро време.

***Придружете се на „Пан-Европскиот пикник за биолошка разновидност“ и помогнете во зачувувањето на биолошката разновидност и екосистемските услуги, како дарови од природата за идните генерации!***

„Пан-Европскиот пикник за биолошка разновидност“ е кампања за подигнување на јавната свест за зачувување на биолошката разновидност во која се вклучени повеќе засегнати страни. Истата е поддржана од Програмата на Обединетите Нации за Заштита на Животната Средина (UNEP) - Регионалната Канцеларија за Европа и од сите земји учеснички и корисници. Слични вакви настани во рамките на оваа Пан-Европска кампања беа организирани во текот на 2008 и 2009 година во Азербејџан, Луксембург, Германија, Молдавија, Естонија, Романија, Србија, Литванија и Македонија.

Оваа година „Пан-Европскиот пикник за биолошка разновидност“ во Македонија се организира од страна на Македонското еколошко друштво (МЕД), а преку мрежата на организации за зачувување на биолошката разновидност во земјите од Централна и Источна Европа (CEEweb).

PEBLDS PAN-EUROPEAN BIOLOGICAL AND LANDSCAPE DIVERSITY STRATEGY

UNDP

CEEweb for Biodiversity

МЕД MES

**Контакт:** **МАКЕДОНСКО ЕКОЛОШКО ДРУШТВО**
**тел: 02/2402 773,**
**факс: 02/2402 774**
**www.mes.org.mk**
**E-mail: contact@mes.org.mk**

# ПАН - ЕВРОПСКИ ПИКНИК
# ЗА БИОЛОШКА РАЗНОВИДНОСТ

**Биолошката разновидност и екосистемските услуги придонесуваат на различни начини за благосостојбата на луѓето. Но, за да ја зачуваме биолошката разновидност (истовремено) и за нашите идни генерации, потребна е вистинска посветеност на сите носители на одлуки како и на јавноста.**

**„Пан-Европскиот пикник за биолошката разновидност“ е иницијатива на повеќе носители која има за цел да придонесе во подигнувањето на свеста за биолошката разновидност и зајакнувањето на определбата за нејзино зачувување преку организирање настани секоја година на Меѓународниот ден на биолошка разновидност.**

# ПАН - ЕВРОПСКИ ПИКНИК ЗА БИОЛОШКА РАЗНОВИДНОСТ

Биолошката разновидност ја означува разновидноста на целокупниот жив свет на Земјата. Таа не ја вклучува само разновидноста на гените, видовите и екосистемите, туку, исто така и различните односи помеѓу живите суштества. Комплексноста на оваа разновидност е главната карактеристика на екосистемите и нивното функционирање. Екосистемските услуги се корисни за општеството и суштински придонесуваат за благосостојбата на човекот. Под екосистемски услуги се подразбираат сите придобивки што човекот ги добива од нив, а кои тешко можат парично да се вреднуваат.

Благосостојбата на човекот произлегува од екосистемските услуги, а со тоа и од биолошката разновидност на различни начини. Храната која ја јадеме, водата која ја пиеме, стабилната клима, дрвата што ги користиме, растителните влакна и природните лекови се дарови од природата, кои ние ги земаме од природата или од кои имаме корист за нашата благосостојба. Ако екосистемите кои нѐ опкружуваат, не можат повеќе да функционираат правилно, тогаш нема да можеме да ги користиме таквите услуги. Заради тоа одржувањето на здрави и функционални екосистеми, што истовремено се заснова врз разновидноста на сите форми на живот во текот на милијарди години, не претставува луксуз, туку е начин на социјална благосостојба (економска стабилност).

Меѓународните договори и националните стратегии имаат за цел да го осигураат зачувувањето на биолошката разновидност и одржливото користење на нејзините компоненти. Владите се заложија да го запрат понатамошното губење на биолошката разновидност на Пан-Европско ниво до 2010 година. Но, овие напори не беа доволни. Како што покажа проценката од Белградската Конференција за животна средина (одржана во октомври 2007 година), намалувањето на биолошката разновидност во регионот продолжува и потребни се итни напори за да се спречи таа загуба. Недостатокот од вистинска секторска интеграција и недоволната посветеност од страна на јавноста ја загрозуваат не само биолошката разновидност, туку истовремено го запираат протокот на екосистемските услуги за благосостојбата на човештвото. „Пан-Европскиот пикник за биолошка разновидност" има за цел да придонесе за подигнување на јавната свест кај сите корисници во општеството во преземањето на овие обврски.



# ПАН - ЕВРОПСКИ ПИКНИК ЗА БИОЛОШКА РАЗНОВИДНОСТ

Идејата за организирање „Пан-Европскиот пикник за биолошка разновидност" произлезе од дискусијата на тркалезната маса на Корисниците на биолошката разновидност организирана со здружени напори преку Пан–европската стратегија за биолошка и пределска разновидност и европскиот ЕКО Форум на белградската Конференција која се одржа во октомври 2007 година.

„Пан-Европскиот пикник за биолошка разновидност" има за цел:

- Да го подигне нивото на политичката и јавната свест за биолошката разновидност преку организирање различни настани на национално ниво за Меѓународниот ден на биолошката разновидност;
- Да го продлабочи познавањето за придобивките на биолошката разновидност за благосостојбата на човештвото;
- Да привлече различни корисници и засегнати страни за зачувување на природата;
- Да го подигне значењето на биолошката разновидност во глобалните политики преку промовирање на Пан-Европската иницијатива со вклучување на повеќе заинтересирани страни во рамките на меѓународните настани и во медиумите.

„Пан-Европскиот пикник за биолошка разновидност" има намера да ги собере заедно:

- Претседателот на државата и одговорните/главни лица во државните институции (како што се Владата, парламентот и министерствата),
- политичките лидери,
- синдикатите, коморите, организациите на фармерите и други групи за поддршка,
- бизнис лидери,
- општетствени организации и организации на младите,
- уметници,
- научници,
- организации за заштита на природата, и
- други засегнати страни

за заеднички пријатен пикник во природа секоја година на 22 мај, Меѓународниот ден на биолошката разновидност.

